Дозвола за вршење на  посебен линиски превоз на патници

За издавање на Дозвола за вршење на  посебен линиски превоз на патници, барателот треба да поднесе Барање за издавање на Извод од лиценца за вршење авто-такси превоз. Барањето се поднесува во хартиена форма и истото може да се подигне од ЦУГ (Центарот за услуги на граѓаните) во општината или од веб страната на општина Василево.
Пополнетото Барање, во хартиен облик,  комплетирано со соодветната документација се доставува во архивата на општина Василево.
Во прилог на Барањето се доставуват следниве документи:
-Тековна состојба од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица издадена од Централниот регистар на Република Македонија,во оригинал,не постар од шест месеци;приоритетна дејност/главна приходна шифра:вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај);
-Доказ дека превозникот поседува најмалку едно возило во сопственост или по Договор за лизинг кое ги исполнува посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на превоз на патници
- Договор склучен со правното лице со список на патниците што ќе се превезуваат
- Возен ред (Временски термини за поаѓање и враќање во кои ќе се врши превозот);
- Доказ дека има вработени возачи во редовен работен однос кои ги исполнуваат условите пропишани со  прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- Уплата за платен надоместок за трошоци за изработка на извод од лиценцата
   - назив на примачот: трезорска сметка – Буџет на општина Василево
   - банка на примачот: Народна банка на РМ
   - сметка: 100000000063095
   - приходна шифра и програма:  722316
   - цел на дознаката : превозни такси
   - уплатна сметка:  840 –109 - 03390
   - износ на уплата : 1000,00  денари за извод на лиценцата (на примерок) +50,00 денари административни такси

Напомена:  - За вистинитоста на податоците превозникот носи одговорност според Закон
       - Барањето се поднесува комплетно со сите докази во прилог, некомплетните барања не се разгледуваат

Барањето може да се симне од рубриката Формулари